МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-6133/1 од 19. 11. 2018 год.

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ

За одземање на А – Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот ДПВНТУ АГРОПИН увоз извоз ДОО Скопје за Подружница Погон Кавадарци

1. А- Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-3225/7 од 19.09.2013 година , се одзема.

## Образложение

Правниот субјект Друштво за производство, внатрешна и надворешна трговија и услуги АГРОПИН увоз извоз ДОО Скопје носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-3225/7 од 19.09.2013 година за својата Подружница Погон Кавадарци, согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во предвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата и слично.

Правниот субјект ДПВНТУ АГРОПИН увоз извоз ДОО Скопје во определен рок не постапил по зададените задолженија димензионирани во дозволата, не ги реализирал активностите од оперативниот план. Дополнително од страна на Државен инспекторат за животна средина, при спроведен вонреден надзор на ден 01.06.2018 година, е констатирана фактичка состојба на инсталацијата, записник бр.ИП1 19-81.

Со оглед на тоа што од страна на операторот ДПВНТУ АГРОПИН увоз извоз ДОО Скопје :

-активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А-ДУОП;
-извршил измена на фактичката состојба на инсталацијата односно ја отуѓил преку продажба на друг правен субјект,Заклучок за продажба И.бр.900/14 од 05.06.2017 година, без да го извести органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина .
Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезорската сметка.

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Изготвил:
Ѓорги Филиповски
Контролирал:
Фатос Балиу
Одобрил:
Назим Алити

Согласен: Директор на управа за животна средина
**Xhezmi Saliu**